

Драги пријатели,

Ви посакуваме среќна и успешна Нова Година, полна љубов и радости, полна хуманост и добри одлуки, одлуки кој ќе го слават животот на сите живи битија, кои ќе спасуваат! Свртете нов лист - станете веган, или барем вегетаријанец, исфрлете го насилството од вашите чинии, шкафови, животи. Борете се за животните со сите сили, секој пат сторете нешто повеќе. Не учествувајте во неправда и не ја премолчувајте никогаш. Бидете движечка сила за позитивна промена, менувајте се себе си, менувајте го светот!

Ви благодариме за сетта поддршка која ни ја пружите нам оваа година и што со сите сили им помагавте на животните - што спасувавте, вдомувавте, лекувавте; што протестиравте, пишувавте, споделувавте, реагиравте; што дониравте, апелиравте секаде за помош; што промивиравте веганство, вегетаријанство, па пак веганство; што се дружевте забавувавте заедно со нас – ВИЕ СТЕ ОНИЕ КОИ ОД НАС ПРАВАТ АНИМА МУНДИ, ЗАЕДНО СИТЕ НИЕ, ДУШАТА НА СВЕТОТ!